*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Бул. Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје, Тел.. 5119860 Факс. 5119861
*www.mrt.com.mk*

---

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2026 ГОДИНА СО ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА

# ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и исполнување на програмските обврски, стандарди и начела предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На територијата на РСМ, Македонската радио телевизија обезбедува програма преку пет ТВ програмски сервиси и тоа: еден ТВ програмски сервис на македонски јазик со дневно времетраење од 24 часа, еден ТВ програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на кој се емитува програма на албански јазик со дневно времетраење од 24 часа секој ден во неделата, како и на три нови телевизиски програмски сервиси - МТВ 3 – ТВ канал кој емитува забавно - музичка, културна, но пред се програма од областа на спортот наменета за гледачите љубители на спортот, преку откуп на ТВ права за емитување на сите позначајни спортски настани во земјата и светот карактеристични за тековната година, потоа МТВ 4 – ТВ канал кој емитува документарна програма и програма на етничките заедници во РСМ како и детски ТВ канал – Канал 5 кој акцентот на своето работење го става на најмладата популација и кој произведува, обработува и емитува едукативна, документарна, забавна програма и програма со содржина од најразлични области наменета за деца и млади, сите со дневно времетраење на програмата од 24 часа секој ден во неделата.

Исто така, програмата на јавниот радиодифузен сервис се емитува и преку два редовни радио програмски сервиси на македонски јазик и еден радио програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници со 24 часовно емитување секој ден во неделата.

МРТ обезбедува и посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици и посебни радио програми наменети за информирање на иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ обезбедува и најмалку еден радио програмски сервис и еден ТВ програмски сервис преку сателит и /или интернет наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот за Собрание на РСМ.

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ изработи Годишна програма за работа за наредна година која содржи Програма за работа за 2026 година со планирани активности за исполнување на програмските цели како и Финансиски план за 2026 година кој содржи податоци за планираните приходи и расходи и истата беше доставена во Собранието на РСМ на разгледување и усвојување согласно законски утврдениот рок, односно заклучно со 30.10.2025 година.

Финансискиот план, како дел од Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2026 година, е изработен врз база на показателите од работењето во минатите години, движењата на тековните активности и тековните потреби како и врз база на планираните или очекувани активности во идниот период, имајќи ги предвид притоа условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини, инвестициони и останати набавки во рамки на тековното работење но и за навремено сервисирање на создадените тековни и пренесени обврски. Меѓутоа, во рамки на редовното работење на ЈРП МРТ во тековната 2026 година произлезе потреба од корекција на дел од првично планираните ставки како во делот на планирани приходи така и во делот на планирани расходи за 2026 година или поточно, во делот на планирани приходи во досега евиднтираната реализација утврдени се пониски остварувања во однос на планираните износи што укажува на потребата од намалување на истите, а тоа пак доведува и до потреба од намалување на трошоците односно нивно усогласување со новопланираните приходи.

## А. ПЛАН НА ПРИХОДИ

За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2026 година со Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија се планираат приходи по следните основи:

**Приход од Буџетот на Република Северна Македонија**

Согласно член 105 став 1 и 2 од Законот за ААВМУ (Службен весник на РСМ бр.154/23) за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ се издвојуваат средства во износ од 1% од реализираните даночни приходи заклучно со последната усвоена Завршна сметка на РСМ (која во овој случај се однесува на 2024 година). Меѓутоа, со Буџетот на РСМ за 2026 година средствата кои треба да ги добијат МРТ и останатите две институции се намалени за вкупно 10.000.000 денари па оттука намален е и планираниот износ за финансирање на радиодифузната дејност и финансиска поддршка на редовното работење на ЈРП МРТ во однос на законски утврдениот и истиот изнесува 1.415.463.800 денари.

**Приход за финансирање на радиодифузна дејност по основ на Вонсудска спогодба**

Неисплатувањето на целиот износ на законски утврдените средства за финансирање на радиодифузна дејност во изминатиот период, односно нивното континуирано кратење имаше негативно влијание на работата на МРТ, на нејзината финансиска состојба и ликвидност. Оттука, по повеќе безуспешни обиди и писмени укажувања упатени до надлежните институции, во 2024 година МРТ ангажираше овластени вешти лица кои извршија анализа и вештачење за неисплатените средства за 2023 година при што беше утврден износот кој државата и го должи на МРТ по основ на финансирање на радиодифузна дејност, а потоа од страна на ЈРП МРТ беше започнат судски спор против МИОА / Министерство за дигитална трансформација кој имаше за цел наплата на неисплатните средства кои на МРТ и следуваат согласно закон. Во текот на судската постапка, а со цел изнаоѓање на заедничко прифатливо решение и кратење на непродуктивни судски, адвокатски и трошоци за камати, произлезе можност за преговори од кои пак произлезе договор за склучување на Вонсудска

спогодба со Министерство за дигитална трансформација согласно која на ЈРП МРТ во текот на периодот (2025-2028 год.) на четири рати ќе и бидат исплатени заостанатите неисплатени средства за 2023 година во износ од 235.019.306 денари. Од нив, втората рата во износ од 51.673.102 денари е планирана во Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2026 година во делот на приходи и истата веќе во Јануари 2026 година и е исплатена.

**Приход од Буџет на РСМ - средства за финансирање на програмски и техничко технолошки развој**

Во изминатиот период согласно Законот за ААВМУ (член 105 став 7), ЈРП МРТ беше поддржувана од страна на државата и со финансиски средства за постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој, средства кои во голем обем придонесуваа за непречено одвивање на сите активности во рамки на тековното работење. По овој основ беше планирано и се очекуваше остварување и во 2026 година и тоа средства во износ од 47.000.000 денари. Меѓутоа, со Буџетот на РСМ за 2026 година истите се планирани во износ од 23.500.000 денари (и исплатени во месец Април) па од таа причина, со ова изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2026 година планираниот износ кај оваа ставка се усогласува со износот предвиден со Буџетот на РСМ за 2026 година односно, сега изнесува 23.500.000 денари.

**Приходи од Министерство за дигитална трансформација**

Во рамки на редовното работење на МРТ во тековната 2026 година од Министерството за дигитална трансформација остварен е приход во износ од 20.000.000 денари по основ на субвенции на цени – долг од 2025 година, средства кои не беа планирани со првиот Финансиски план за 2026 година но сега се евидентирани и прикажани во делот на планирани приходи за 2026 година.

**Приходи од продажба на рекламен простор**

Очекуваните приходи од продажба на рекламно време (маркетинг) односно, од емитување на аудио и аудио визуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, беа планирани во висина од 55.000.000 денари. Меѓутоа, со оглед на фактот што во

тековната 2026 година остварувањето по овој основ е пониско од очекувањата, планираниот износ се намалува за 35.000.000 денари и сега изнесува 20.000.000 денари.

**Приходи од закупнини**

Приходот по основ на давање под наем на деловен простор и опрема на надворешни соработници беше планиран во износ од 500.000 денари. Но, повторно поради нискиот обем на остварување, овие средства се намалени за 200.000 денари и сега се планираат во износ од 300.000 денари.

**Приходи од услуги во земјата**

По основ на дадени технички услуги на надворешни корисници (снимање во студијата на МРТ, обезбедување на коментаторски позиции и ISDN линии за пренос на програма, преснимување и користење на снимен архивски материјал, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите државни и останати институции во кулата како и други услуги во земјата) за 2026 година планирани се приходи во вкупен износ од 2.500.000 денари.

**Приходи од услуги во странство**

Приходите за извршени услуги во странство (технички услуги, отстапени права, коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) беа планирани во износ од 2.000.000 денари. Меѓутоа, поради нискиот обем на остварување, овие средства се намалени за 1.000.000 денари и сега се планираат во износ од 1.000.000 денари.

**Останати деловни приходи**

Со Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2026 година оваа група на приходи првично беше планирана во износ од 25.000.000 денари. Но, со оглед на фактот што во рамки на редовното работење остварувањето по овој основ е пониско од очекувањата, овие средства се намалуваат за 10.000.000 денари и сега планираниот износ е 15.000.000 денари а нивната реализизација опфаќа:

- приходи од камати
- приходи по основ на позитивни курсни разлики
- приходи од наплатени отпишани побарувања од минати години

- приходи од отпишани обврски
- останати дополнителни приходи од претходни години и слично.

**Приходи од наплата по основ на судски одлуки**

Приходите кои со Финансискиот план се планираат по основ на решавање на настанатите судски спорови во корист на МРТ изнесуваат вкупно 500.000 денари.

**Приходи од донации, приходи од продажба на програма и реемтување во земјата и странство**

Приходите по основ на разни видови донации како и приходите од продажба на програма и реемитување во земјата и странство првично беа планирани во износ од 2.719.966 денари меѓутоа, со ова изменување на Финансискиот план за 2026 година овие средства се намалени за 1.719.966 денари и сега се планираат во износ од 1.000.000 денари.

**Вкупните** планирани приходи за 2026 година во износ од 1.550.936.902 денари по сите основи се наменети за реализација на планираните програмски, инвестициони и други активности во тековната година, не отстапувајќи при тоа од законските обврски на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните во државата, а ќе се користат и за сервисирање на пренесените, неплатени обврски од претходни години.

Планираните активности за 2026 година воглавно ќе бидат насочени кон:

- Исполнување на редовните активности во МРТ, односно создавање (производство) и емитување на сопствена радио и телевизиска програма на радио и на телевизиските програмски сервиси и емитување на истата на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик,
- Откуп на права за емитување на играна програма и ТВ серии, набавка на домашна и странска документарна програма, драмска програма, реализација на музички емисии, детска програма од најразлични жанрови, откуп на готови програмски содржини од најразлични области или пак заедничка продукција и копродукција на разни видови емисии и серијали,
- Откуп на права за директен пренос и снимки од значајни спортски настани и манифестации, светски или европски првенства во фудбал, ракомет, зимски, летни спортови, олимписки натпревари и слично,

- Реализирање на програмските содржини на посебните радиопрограми наменети за соседните земји и Европа и радио програми наменети за информирање на иселениците во странство како и обезбедување на програмските сервиси преку сателит и/или интернет,
- Во рамки на можностите, инвестиции во нова опрема и основни средства, тековно одржување на постојната опрема и одржување на РТВ студијата и другите деловни објекти на МРТ и слично.

Планираните приходи на ЈРП МРТ за 2026 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2026 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Планирани приходи за 2025г. | Планирани приходи за 2026г. | Остварени приходи за 2026г. | Планирани приходи за 2026г. со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 | Структура 2025г. (кол. 5) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| Приход од Буџет на РСМ - МДТ, средства за финансирање на радиодифузна дејност | 1,181,864,000 | 1,415,463,800 | 948,741,331 | 1,415,463,800 | 100.0 | 149.2 | 91.3 |
| Приходи од Буџет на РСМ за постигнување на повисок степен на програмски и техничко -технолошки развој на ЈРП МРТ | 0 | 47,000,000 | 23,500,000 | 23,500,000 | 50.0 | 100.0 | 1.5 |
| Приходи по основ на финансирање на радиодифузна дејност - Вонсудска спогодба со Министерство за дигитална трансформација | 0 | 51,673,102 | 51,673,102 | 51,673,102 | 100.0 | 100.0 | 3.3 |
| Министерство за дигитална трансформација, субвенции на цени, долг од 2025 година | 0 | 0 | 20,000,000 | 20,000,000 | 0.0 | 100.0 | 1.3 |
| Закупнини | 500,000 | 500,000 | 135,062 | 300,000 | 60.0 | 222.1 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 5,500,000 | 2,500,000 | 1,034,628 | 2,500,000 | 100.0 | 241.6 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство (технички и останати услуги) | 4,000,000 | 2,000,000 | 370,359 | 1,000,000 | 50.0 | 270.0 | 0.1 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,наплатени отпишани побарувања,отпишани обврски, приходи од минати години и друго) | 39,000,000 | 25,000,000 | 3,076,737 | 15,000,000 | 60.0 | 487.5 | 1.0 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 1,000,000 | 500,000 | 106,226 | 500,000 | 100.0 | 470.7 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 65,000,000 | 55,000,000 | 6,932,354 | 20,000,000 | 36.4 | 288.5 | 1.3 |
| Приход од продажба на програма и реемтување во земјата и странство, приходи од донации | 35,000,000 | 2,719,966 | 77,037 | 1,000,000 | 36.8 | 1,298.1 | 0.1 |
| **СЕ ВКУПНО :** | **1,331,864,000** | **1,602,356,868** | **1,055,646,836** | **1,550,936,902** | **96.8** | **146.9** | **100.0** |

## Б. ПЛАН НА РАСХОДИ

Со ова изменување на Финансискиот план на МРТ за 2026 година со пренамена на средства, вкупните планирани расходи на ЈРП Македонска радио телевизија за 2026 година за реализирање на редовните и инвестиционите активности во врска со создавање и емитување на програмата, се планираат во ист обем како и вкупните приходи, односно 1.550.936.902 денари. Најголемиот дел од овие средства се очекува да и бидат исплатени на ЈРП МРТ од страна на државата согласно измените во Законот за ААВМУ во делот на финансирање на радиодифузна дејност и истите, дополнети со приходите кои МРТ би ги добила по останатите основи, се распоредени во делот на планирани расходи за 2026 година според реалните потреби за редовно работење.

**Планот на расходи за 2026 година ги опфаќа следните планирани групи на трошоци:**

## Трошоци за вработените

Кај групата трошоци на вработените во 2026 година првично беа планирани средства во вкупен износ од 677.702.200 денари меѓутоа, по дополнувањето од 6.747.800 денари оваа група сега има вкупен планиран износ од 684.450.000 денари. Од гореспоменатите 6.747.800 денари во најпоголем обем дополнета е ставката Регрес за годишен одмор и тоа поради усогласување со минималната плата на ниво на држава која пак е основа за пресметка на трошоците за регрес. Покрај овие трошоци, во оваа група се опфатени уште и бруто платите на вработените, надоместоците за исплата на отпремнина на вработените кои ги исполнуваат условите за одење во пензија, други лични примања (останати надоместоци – помош исплатена на вработените во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство, помош при боледување подолго од 6 месеци, паричен надомест за последици од елементарни непогоди и други видови парични надоместоци), потоа трошоците за здравствени услуги, јубилејни награди, трошоци за едукација на вработените (обуки, посета на семинари, советувања) и слично. Бруто платата за 2026 година е усогласена со минималната плата во државата и е пресметана согласно позитивните

законски прописи кои се на важност во РСМ, согласно Законот за работни односи, Законот за административните службеници, Законот за вработени во јавниот сектор и врз основа на Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените на МРТ кои произлегуваат од работниот однос.

## Патни трошоци и транспортни услуги

Оваа категорија ги опфаќа трошоците за службени патувања во земјата и странство - дневници, ноќевања и превоз, како и трошоците за користење на сопствено возило, трошоците за патарина, услугите за такси превоз и слично, за кои првично беше планира сума во вкупен износ од 9.400.000 денари. Меѓутоа, со оглед фактот дека МРТ како јавен радиодифузен сервис ги следи и пренесува до гледачите и слушателите сите значајни настани во земјата и странство кои се од јавен карактер, вклучувајќи ги сите поважни културни, музички, спортски и научни случувања и манифестации а како резултат на тоа, поради зголемениот обем на патувања на екипите на МРТ во земјата и надвор од неа, оваа група на трошоци е дополнета со средства во износ од  2.500.000 денари и сега истата се планира во вкупен износ од 11.900.000 денари.

## Заеднички трошоци

Со ова изменување на Финансискиот план за 2026 година со пренамена на средства, групата на заеднички трошоци се дополнува со средства во износ од 15.050.000 денари и сега се планирана во вкупен износ од 210.710.000 денари. Оваа група ги опфаќа следните видови трошоци:

***Трошоци за суровини и материјали***

Во оваа група на трошоци се опфатени трошоците за набавка на електричен и технички материјал, материјал (резервни делови) за поправка и одржување на опремата и објектите во МРТ и истата имаше вкупен планиран износ од 3.650.000 денари. Но, поради потреба од дополнителни средства за набавка на електричен материјал и материјал за поправка и одржување, оваа група на трошоци се дополнува со 1.000.000 денари и сега има вкупен планиран износ од 4.650.000 денари.

***Трошоци за останати материјали***

Вкупниот првично планиран износ од 1.500.000 денари кај оваа група на трошоци се дополнува со 750.000 денари и тоа од причина што во рамки на ставката канцелариски материјал се потребни дополнителни средства за изработка на печатени материјали и брендирање на возила, врати и останати површини во објектите на МРТ. Оваа група на трошоци сега има вкупен планиран износ од 2.250.000 денари а во неа покрај трошоците за канцелариски материјал спаѓаат материјалите за возен парк, заштитна облека и обувки и ХТЗ опрема.

***Трошоци за енергија***

Оваа група ги опфаќа тековните трошоци за електрична енергија, топлотна енергија и гориво и за нив се планирани вкупно 49.500.000 денари.

***Трошоци за ситен инвентар и автогуми***

Оваа група на трошоци беше планирана во износ од 1.500.000 денари. Меѓутоа, во рамки на тековното работење на куќата се јави зголемена потреба од набавки на средства кои согласно законските измени и според Уредбата за номенклатура на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија (сл.весник 277/19), спаѓаат во набавките на материјални и нематеријални средства со поединечен трошок за набавка до 500 евра во денарска противвредност и кои наместо во основни средства сметководствено треба да се евидентираат во ситен инвентар, оваа група на трошоци се дополнува со 1.100.000 денари и сега има вкупен планиран износ од 2.600.000 денари.

***Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии***

Ова е група на трошоци која се однесува на трошоци за телефонски - директни линии, мобилни линии, интернет и поштарина како и трошоци за аудио и видео линии кои се неопходни за пренос на програмата, особено при емитување на настани од областа на спортот. Истата беше планирана во вкупен износ од 7.500.000 денари но, со ова изменување на Финансискиот план се дополнува со 3.000.000 денари во делот на аудио и видео линии со оглед на повисокото остварување кај оваа ставка која пак е

директно поврзана со пренос и емитување на програмата а чија висина во суштина е непредвидлива и сега оваа група на трошоци има вкупен планиран износ од 10.500.000 денари.

***<u>Услуги за одржување и заштита</u>***

Оваа група ги опфаќа трошоците за агенциски услуги за физичко обезбедување на имот, услуги за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти, одржување на GPS уреди, услуги за одржување на WEB страната на МРТ, агенциски услуги за одржување на хигиена и слично. Истата беше планирана во вкупен износ од 24.050.000 денари меѓутоа со ова изменување на Финансискиот план, истата се дополнува со 1.700.000 денари и сега има вкупен планиран износ од 25.750.000 денари. Споредбено со тековната 2025 година и кај оваа група на трошоци има зголемување на планираниот износ и тоа особено во делот на планирани трошоци за обезбедување и одржување на хигиена кои пак директно се поврзани со износот на минималната плата на ниво на држава како и во делот на инвестиционо одржување на основни средства кое пак е поврзано со одржување на опремата во ТВ студијата.

***<u>Комунални услуги</u>***

Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина, дератизација, дезинфекција и дезинсекција во објектите на МРТ, трошоци за гаражирање и паркирање на возила и истата беше планирана во вкупен износ од 6.530.000 денари но по дополнување од 1.200.000 денари кај трошоците за вода и тоа поради повисокото остварување, истата сега има вкупен планиран износ од 7.730.000 денари.

***<u>Останати услуги од работењето</u>***

Првично планираниот износ од 1.500.000 денари кај оваа група на трошоци е дополнет со 500.000 денари и тоа во ставката за објава на огласи и конкурси а поради потребата од дополнителни средства за објава на огласи за нови вработувања планирани за реализација до крајот на 2026 година со што оваа група сега има вкупен планиран износ од 2.000.000 денари.  Истата опфаќа уште и услуги за регистрација на возила, трошоци за противпожарна заштита, шпедитерски услуги и слично.

***Трошоци за амортизација на основни средства***

Планираните средства за амортизација за 2026 година изнесуваат 40.000.000 денари, износ во рамки на кој се планира амортизација на опремата која е набавена во делот на редовните инвестициони активности во изминатиот период, како и амортизација на опремата која би се набавила и ставила во употреба во текот на 2026 година.

***Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис***

За вредносно усогласување на побарувањата од купувачите, ревалоризација на обврските и слично во 2026 година планирани се вкупно 200.000 денари.

***Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација***

За оваа категорија на трошоци со Финансискиот план за 2026 година првично беа планирани вкупно 950.000 денари но, по дополнувањето од 800.000 денари средства кои ќе бидат насочени за програмски цели, сега се планираат вкупно 1.750.000 денари.

***Премии за осигурување***

Планираните средства за премии за осигурување на вкупниот движен и недвижен имот и лица во МРТ во 2026 година изнесуваат 2.500.000 денари;

***Банкарски услуги и трошоци на платен промет***

Планираните средства за банкарските трансакции кои МРТ ќе ги извршува во 2026 година заедно со таксата за истакнување на фирма изнесуваат вкупно 650.000 денари.

***Останати трошоци***

Во оваа група спаѓаат трошоците за спроведување на ИСО стандарди, трошоците за користење на услуги за контрола на квалитет, атестирање, изработка на елаборати и технички проекти, како и трошоците за стручна литература и списанија се планираат во вкупен износ од 450.000 денари;

***Трошоци за надомест и други примања на членовите на Програмски совет и Надзорен одбор на МРТ***

Основа за пресметка на висината на надоместоците за членовите на органите на управување во МРТ е утврдена во Законот за ААВМУ. Оттука, зголемената потреба од разгледување и усвојување на материјали за работа на куќата во тековниот период доведе до зголемување на бројот на одржани седници на месечно ниво па оваа група на трошоци за 2026 година се дополнува со 7.000.000 денари и сега се планира во вкупен износ од 17.000.000 денари;

***Даноци, судски трошоци и административни такси***

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 11.200.000 денари а ги опфаќа трошоците за даноци (задржан данок и сл.), данок на приход за исплати во странство при откуп на програма, особено спортска како и трошоците поврзани со судските предмети кои се во постапка за 2026 година;

***Казни, пенали, надомест на штети***

За овие видови на трошоци со Финансиски план за 2026 година планирани се вкупно 100.000 денари;

***Дополнително утврдени расходи од минати години***

Дополнително утврдените расходи од минати години опфаќат трошоци за задоцнето фактурирање по разни основи кои биле планирани во преходните години од работење на МРТ но, во тој период, за истите не се доставени фактури (расходи по фактури од минати години за извршени набавки и услуги во земјата и странство и слично). Во рамки на редовното работење на МРТ во тековната 2026 година износот на евидентирани фактури кои се однесуваат на минат период е значително повисок па од таа причина и оваа ставка се дополнува со 18.000.000 денари и сега има планиран износ од 20.000.000 денари.

***Камати од работење и затезни камати***

Групата на трошоци за каматите од работење и затезните камати првично беше планирана во износ од 27.000.000 денари, но со ова изменување на Финансискиот план споменатиот износ е намален за 20.000.000 денари и сега се планира во износ

од 7.000.000 денари и тоа од причина што со Министерството за финансии е склучена спогодба за отплата на рати за долгот кон Париски и Лондонски клуб на доверители во кој износ е вкалкулирана и пресметаната камата.

***Негативни курсни разлики***

Трошоците по основ на негативни курсни разлики кои произлегуваат од девизниот платен промет кој во голем обем е застапен во тековното работење на МРТ пред се, за откуп на странска филмска и спортска програма како и за реализација на набавки на опрема, за 2026 година се планирани во вкупен износ од 4.000.000 денари.

***Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра***

Оваа група на трошоци ги опфаќа набавките на стоки и услуги надвор од планот за јавни набавки а кои во вкупен износ на месечно ниво не го надминуваат износот од 1.000 евра во денарска противвредност или вкупно 880.000 денари на годишно ниво.

## Програмски права

Оваа категорија се однесува на трошоци планирани за реализизација во врска со откуп на права за емитување на играна филмска, анимирана детска и документарна програма, останати програмски права – откуп на програма од најразлични жанрови и области (образовни емисии, забавни емисии, детска програма, квизови), надомест за учество на јуниорски Евросонг, откуп на права за емитување на актуелни и позначајни настани од светот на спортот како европски првенства во ракомет и фудбал, водени спортови, атлетика или ЛОИ 2026 година, потоа откуп на програма од независни продуценти, трошоци за реализација на копродукциски проекти со најразновидна содржина за повозрасните како и продукција и копродукција на најразновидни емисии и серијали за најмладата популација. Со ова изменување на Финансискиот план прво планираниот износ од 556.583.800 денари е намален за 102.667.766 денари и сега оваа група на трошоци има вкупен планиран износ од 453.916.034 денари.

## Останати трошоци од работење

Планираниот износ од 83.010.868 денари кај оваа група на трошоци се дополува со средства во износ од 46.950.000 денари по што истата има вкупен планиран износ од 129.960.868 денари а во неа спаѓаат следните видови трошоци:

***Наемнини***

Планираниот износ на трошоци за наем на опрема и недвижности за кои би произлегла потреба во текот на работењето на МРТ за 2026 година изнесува 400.000 денари.

***Други трошоци од работење***

За оваа група на трошоци во 2026 година се планирани вкупно 83.300.000 денари и истите се однесуваат на следните видови трошоци:

- Адвокатски и нотарски услуги, ревизија на финансиски извештаи, трошоци за извршување, услуги за вештачење, интелектуални услуги, технички услуги,
- Услуги за ангажирање надворешни лица преку авторска агенција, како и услуги од агенции за привремени вработувања во секторите во кои во текот на работењето ќе се јави недостиг од кадар потребен за извршување на редовните работни задачи, што всушност е случај во овој период. Имено, од вкупното дополнување од 47.600.000 денари кај оваа група на трошоци, најголемиот дел или поточно 45.000.000 денари се импленетирани во ставката Авторски договори-авторска агенција, средства кои се неопходни за ангажирање на лица со Авторски договори во повеќето сектори и одделенија во МРТ а со цел надминување на проблемот со недостиг од вработени се до завршување на процесот на нови вработувања во идниот период;
- Трошоци за реализација на проектот Избор на песна – македонски претставник на Јуниорски евросонг 2026 година, како и трошоци поврзани со емитување на Евросонг 2026 година кои би произлегле при пренес на фестивалот иако МРТ не учествува со свој претставник.

***Членарини, котизации, ЗАМП и останати услуги***

Со Финансискиот план за 2026 година оваа група на трошоци беше планирана во вкупен износ од 46.806.868 денари но поради пониска реализација кај трошоците кон Агенција за филм истата е намалена за 650.000 денари и сега се планира во вкупен износ од 46.156.868 денари а ги опфаќа уште и годишните членарини на МРТ кон ЕБУ, ЕРНО; ЦИРКОМ, котизации, трошоци за акредитации и трошоци за мало авторско право ЗАМП.

***Материјали и услуги за дигитализација***

За набавка на дигитални технички материјали и услуги за емитување на ТВ програмата за 2026 година планирани се средства во вкупен износ од 104.000 денари.

## Инвестиции

За набавка на опрема и други инвестиции во текот на 2026 година беа планирани вкупно 80.000.000 денари но со изменување на финансискиот план за 2026 година кај оваа група на трошоци има намалување од 20.000.000 денари и сега се планираат вкупно 60.000.000 денари. Овие средства ќе бидат наменети за одржување на постоечката и набавка на нова опрема потребна за непречено одвивање на тековното работење на МРТ како и за реконструкции и одржување на работните простории и студијата во МРТ.

## МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

Планираните трошоци на ЈРП МРТ за 2026 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

### ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ЗА 2026 ГОДИНА

| А.ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2025г. | Финансиски план за 2026г. | Остварување м.07.2026г. | Финансиски план за 2026г. Со пренамена на средства | индекси (5/3*100) | индекси (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | | |
| Бруто плати (основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство) | 630,000,000 | 650,000,000 | 392,100,357 | 650,000,000 | 100.0 | 165.8 |
| Регрес за годишен одмор | 18,450,000 | 18,000,000 | 0 | 23,500,000 | 130.6 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 3,000,000 | 3,252,200 | 1,963,544 | 4,500,000 | 138.4 | 229.2 |
| Други лични примања (помош на вработени,останати надоместоци на вработени,испратнина, помош во случај на повреда или смрт на вработен или член на семејството и слично | 1,700,000 | 2,500,000 | 707,897 | 2,500,000 | 100.0 | 353.2 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 5,000,000 | 3,000,000 | 1,740,123 | 3,000,000 | 100.0 | 172.4 |
| Трошоци за здравствени услуги | 650,000 | 650,000 | 0 | 650,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 300,000 | 300,000 | 50,440 | 300,000 | 100.0 | 594.8 |
| **Вкупно 1- трошоци за вработените** | **659,100,000** | **677,702,200** | **396,562,361** | **684,450,000** | **101.0** | **172.6** |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 4,000,000 | 2,500,000 | 1,933,009 | 4,000,000 | 160.0 | 206.9 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 4,500,000 | 3,600,000 | 1,821,620 | 4,500,000 | 125.0 | 247.0 |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во земјата | 100,000 | 100,000 | 7,351 | 100,000 | 100.0 | 1,360.4 |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во странство | 2,500,000 | 2,500,000 | 512,389 | 2,500,000 | 100.0 | 487.9 |
| Сопствено возило за службени потреби | 150,000 | 300,000 | 104,209 | 300,000 | 100.0 | 287.9 |
| Услуги за патарина, останати услуги за патувања | 250,000 | 250,000 | 136,418 | 350,000 | 140.0 | 256.6 |
| **Вкупно 2** | **11,500,000** | **9,250,000** | **4,514,996** | **11,750,000** | **127.0** | **260.2** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 250,000 | 150,000 | 2,442 | 150,000 | 100.0 | 6,142.5 |
| **Вкупно 3** | **250,000** | **150,000** | **2,442** | **150,000** | **100.0** | **6,142.5** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **11,750,000** | **9,400,000** | **4,517,438** | **11,900,000** | **126.6** | **263.4** |

| А.ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2025г. | Финансиски план за 2026г. | Остварување м.07.2026г. | Финансиски план за 2026г. Со пренамена на средства | индекси (5/3*100) | индекси (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **Заеднички трошоци** | | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | | |
| Електричен материјал | 1,400,000 | 1,400,000 | 484,693 | 2,100,000 | 150.0 | 433.3 |
| Технички материјал | 1,400,000 | 1,400,000 | 452,949 | 1,400,000 | 100.0 | 309.1 |
| Сценографски материјали, реквизита и сл. | 550,000 | 550,000 | 0 | 550,000 | 100.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 300,000 | 300,000 | 306,750 | 600,000 | 200.0 | 195.6 |
| **Вкупно 4** | **3,750,000** | **3,650,000** | **1,244,392** | **4,650,000** | **127.4** | **373.7** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | | |
| Канцелариски материјал | 1,000,000 | 1,000,000 | 249,748 | 1,750,000 | 175.0 | 700.7 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 250,000 | 250,000 | 9,770 | 250,000 | 100.0 | 2,558.9 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 250,000 | 250,000 | 0 | 250,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **1,500,000** | **1,500,000** | **259,518** | **2,250,000** | **150.0** | **867.0** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 29,000,000 | 30,000,000 | 10,047,721 | 30,000,000 | 100.0 | 298.6 |
| Трошоци за топлотна енергија | 16,000,000 | 17,000,000 | 9,293,080 | 17,000,000 | 100.0 | 182.9 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 2,500,000 | 2,500,000 | 1,489,450 | 2,500,000 | 100.0 | 167.8 |
| **Вкупно 6** | **47,500,000** | **49,500,000** | **20,830,251** | **49,500,000** | **100.0** | **237.6** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и автогуми*** | | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 1,500,000 | 1,500,000 | 390,831 | 2,600,000 | 173.3 | 665.2 |
| **Вкупно 7** | **1,500,000** | **1,500,000** | **390,831** | **2,600,000** | **173.3** | **665.2** |
| ***8)Поштенски и телефонски услуги,интернет,аудио и видео линии*** | | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 600,000 | 700,000 | 198,491 | 700,000 | 100.0 | 352.7 |
| Телефонски трошоци-мобилна телефонија | 2,400,000 | 2,500,000 | 1,061,131 | 2,500,000 | 100.0 | 235.6 |
| Трошоци за интернет услуги | 1,000,000 | 1,000,000 | 605,506 | 1,000,000 | 100.0 | 165.2 |
| Поштарина | 180,000 | 300,000 | 53,733 | 300,000 | 100.0 | 558.3 |
| Трошоци за користење аудио и видео линии | 3,500,000 | 3,000,000 | 3,656,152 | 6,000,000 | 200.0 | 164.1 |
| **Вкупно 8** | **7,680,000** | **7,500,000** | **5,575,013** | **10,500,000** | **140.0** | **188.3** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 5,200,000 | 5,500,000 | 2,573,678 | 5,500,000 | 100.0 | 213.7 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 5,200,000 | 6,800,000 | 3,185,571 | 8,300,000 | 122.1 | 260.5 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 3,300,000 | 3,300,000 | 93,406 | 3,300,000 | 100.0 | 3,533.0 |
| Одржување на возила | 2,500,000 | 2,500,000 | 232,087 | 2,500,000 | 100.0 | 1,077.2 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми, GPS уреди и сл. | 150,000 | 150,000 | 5,598 | 150,000 | 100.0 | 2,679.5 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 1,000,000 | 1,000,000 | 586,294 | 1,000,000 | 100.0 | 170.6 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 4,400,000 | 4,800,000 | 1,784,327 | 5,000,000 | 104.2 | 280.2 |
| **Вкупно 9** | **21,750,000** | **24,050,000** | **8,460,961** | **25,750,000** | **107.1** | **304.3** |

| А.ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2025г. | Финансиски план за 2026г. | Остварување м.07.2026г. | Финансиски план за 2026г. Со пренамена на средства | индекси (5/3*100) | индекси (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 30,000 | 30,000 | 300 | 30,000 | 100.0 | 10,000.0 |
| Дератизација и дезинфекција | 500,000 | 500,000 | 101,600 | 500,000 | 100.0 | 492.1 |
| Трошоци за ѓубретарина | 1,000,000 | 1,000,000 | 415,767 | 1,000,000 | 100.0 | 240.5 |
| Трошоци за вода | 5,000,000 | 5,000,000 | 3,748,466 | 6,200,000 | 124.0 | 165.4 |
| **Вкупно 10** | **6,530,000** | **6,530,000** | **4,266,133** | **7,730,000** | **118.4** | **181.2** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | | |
| Заверка на пасоши, визи и друго | 100,000 | 100,000 | 0 | 100,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 600,000 | 450,000 | 118,162 | 950,000 | 211.1 | 804.0 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и сл. | 400,000 | 400,000 | 73,884 | 400,000 | 100.0 | 541.4 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 50,000 | 150,000 | 0 | 150,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 350,000 | 350,000 | 0 | 350,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за фотокопирање | 50,000 | 50,000 | 0 | 50,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **1,550,000** | **1,500,000** | **192,046** | **2,000,000** | **133.3** | **1,041.4** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 32,550,000 | 40,000,000 | 15,884,557 | 40,000,000 | 100.0 | 251.8 |
| **Вкупно 12** | **32,550,000** | **40,000,000** | **15,884,557** | **40,000,000** | **100.0** | **251.8** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување на средствата) и траен отпис*** | | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,отпис на побарувања и сл. | 200,000 | 200,000 | 0 | 200,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **200,000** | **200,000** | **0** | **200,000** | **100.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 150,000 | 150,000 | 0 | 150,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 900,000 | 800,000 | 457,448 | 1,600,000 | 200.0 | 349.8 |
| **Вкупно 14** | **1,050,000** | **950,000** | **457,448** | **1,750,000** | **184.2** | **382.6** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | | |
| Премии за осигурување | 2,500,000 | 2,500,000 | 94,163 | 2,500,000 | 100.0 | 2,655.0 |
| **Вкупно 15** | **2,500,000** | **2,500,000** | **94,163** | **2,500,000** | **100.0** | **2,655.0** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | | |
| Такса за истакнување фирма | 10,000 | 10,000 | 0 | 10,000 | 100.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 640,000 | 640,000 | 340,549 | 640,000 | 100.0 | 187.9 |
| **Вкупно 16** | **650,000** | **650,000** | **340,549** | **650,000** | **100.0** | **190.9** |
| ***17)Останати трошоци*** | | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 150,000 | 150,000 | 0 | 150,000 | 100.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање,изработка на елаборати за безбедност и заштита при работа и слично | 150,000 | 150,000 | 0 | 150,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 150,000 | 150,000 | 36,040 | 150,000 | 100.0 | 416.2 |
| **Вкупно 17** | **450,000** | **450,000** | **36,040** | **450,000** | **100.0** | **1,248.6** |

| А.ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2025г. | Финансиски план за 2026г. | Остварување м.07.2026г. | Финансиски план за 2026г. Со пренамена на средства | индекси (5/3*100) | индекси (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на Надзорен одбор, Програмски совет, Одбор на директори и управители*** | | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 10,000,000 | 10,000,000 | 9,837,556 | 17,000,000 | 170.0 | 172.8 |
| **Вкупно 18** | **10,000,000** | **10,000,000** | **9,837,556** | **17,000,000** | **170.0** | **172.8** |
| ***19)Даноци , судски такси и друго*** | | | | | | |
| Даноци (задржан данок на странски правни лица при откуп на програма, данок на имот и сл.) | 7,000,000 | 11,000,000 | 1,045,573 | 11,000,000 | 100.0 | 1,052.1 |
| Судски трошоци и административни такси | 200,000 | 200,000 | 16,106 | 200,000 | 100.0 | 1,241.8 |
| **Вкупно 19** | **7,200,000** | **11,200,000** | **1,061,679** | **11,200,000** | **100.0** | **1,054.9** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 100,000 | 100,000 | 0 | 100,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **100,000** | **100,000** | **0** | **100,000** | **100.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 1,400,000 | 2,000,000 | 18,305,885 | 20,000,000 | 1,000.0 | 109.3 |
| **Вкупно 21** | **1,400,000** | **2,000,000** | **18,305,885** | **20,000,000** | **1,000.0** | **109.3** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 5,500,000 | 7,000,000 | 5,097,485 | 7,000,000 | 100.0 | 137.3 |
| Камати од неплатени јавни давачки | 0 | 20,000,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 22** | **5,500,000** | **27,000,000** | **5,097,485** | **7,000,000** | **25.9** | **137.3** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 3,000,000 | 4,000,000 | 41,836 | 4,000,000 | 100.0 | 9,561.1 |
| **Вкупно 23** | **3,000,000** | **4,000,000** | **41,836** | **4,000,000** | **100.0** | **9,561.1** |
| **24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1000 евра** | | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1000 евра | 880,000 | 880,000 | 397,253 | 880,000 | 100.0 | 221.5 |
| **Вкупно 24** | **880,000** | **880,000** | **397,253** | **880,000** | **100.0** | **221.5** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **157,240,000** | **195,660,000** | **92,773,596** | **210,710,000** | **107.7** | **227.1** |
| ***25)Програмски права*** | | | | | | |
| Права за филмови | 65,400,000 | 76,000,000 | 24,500,423 | 71,000,000 | 93.4 | 289.8 |
| Останати програмски права | 24,826,000 | 99,983,800 | 5,772,899 | 22,000,000 | 22.0 | 381.1 |
| Надомест за снимање фестивали - јуниорски евросонг | 600,000 | 600,000 | 0 | 600,000 | 100.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 52,500,000 | 130,000,000 | 6,576,717 | 130,000,000 | 100.0 | 1,976.7 |
| Копродукциски проекти | 260,400,000 | 250,000,000 | 116,010,653 | 230,316,034 | 92.1 | 198.5 |
| **Вкупно 25 - програмски права** | **403,726,000** | **556,583,800** | **152,860,692** | **453,916,034** | **81.6** | **296.9** |
| ***Останати трошоци од работење*** | | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | | |
| Наем на опрема и недвижнини | 400,000 | 400,000 | 105,048 | 400,000 | 100.0 | 380.8 |
| Останати наемнини - ангажирање/наем на економски оператори за реализација на настан - Генерална асамблеа на ЕБУ | 4,750,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 26** | **5,150,000** | **400,000** | **105,048** | **400,000** | **100.0** | **380.8** |

## МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

| А.ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2025г. | Финансиски план за 2026г. | Остварување м.07.2026г. | Финансиски план за 2026г. Со пренамена на средства | индекси (5/3*100) | индекси (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***27)Други трошоци од работење*** | | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 350,000 | 1,000,000 | 324,478 | 1,500,000 | 150.0 | 462.3 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 1,000,000 | 1,000,000 | 790,600 | 1,000,000 | 100.0 | 126.5 |
| Услуги за вештачење | 150,000 | 150,000 | 0 | 150,000 | 100.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 1,150,000 | 1,000,000 | 717,819 | 2,000,000 | 200.0 | 278.6 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати и сл.) | 100,000 | 300,000 | 81,749 | 1,400,000 | 466.7 | 1,712.6 |
| Агенциски услуги во земјата и странство - информативни | 50,000 | 50,000 | 0 | 50,000 | 100.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 31,000,000 | 30,000,000 | 19,333,957 | 75,000,000 | 250.0 | 387.9 |
| Трошоци за проект Евровизија | 2,000,000 | 2,000,000 | 828,369 | 2,000,000 | 100.0 | 241.4 |
| Трошоци за судски извршители | 200,000 | 200,000 | 46,291 | 200,000 | 100.0 | 432.0 |
| Сателитски сегмент | 50,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **36,050,000** | **35,700,000** | **22,123,263** | **83,300,000** | **233.3** | **376.5** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останат и услуги*** | | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 17,500,000 | 17,500,000 | 7,696,118 | 17,500,000 | 100.0 | 227.4 |
| Котизации и акредитации | 300,000 | 300,000 | 71,700 | 300,000 | 100.0 | 418.4 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 18,000,000 | 22,356,868 | 5,534,048 | 22,356,868 | 100.0 | 404.0 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 5,900,000 | 6,650,000 | 5,993,937 | 6,000,000 | 90.2 | 100.1 |
| **Вкупно 28** | **41,700,000** | **46,806,868** | **19,295,803** | **46,156,868** | **98.6** | **239.2** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги (архивирање) | 20,000 | 104,000 | 0 | 104,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 29** | **20,000** | **104,000** | **0** | **104,000** | **100.0** | **0.0** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **82,920,000** | **83,010,868** | **41,524,114** | **129,960,868** | **156.6** | **313.0** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **1,314,736,000** | **1,522,356,868** | **688,238,201** | **1,490,936,902** | **97.9** | **216.6** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 17,128,000 | 80,000,000 | 12,939,277 | 60,000,000 | 75.0 | 463.7 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **17,128,000** | **80,000,000** | **12,939,277** | **60,000,000** | **75.0** | **463.7** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **1,331,864,000** | **1,602,356,868** | **701,177,478** | **1,550,936,902** | **96.8** | **221.2** |

Скопје, Септември 2026 година

Директор на ЈРП МРТ

--------------------------------

Зоран Ристоски